АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 22.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlere |
| 10 | 842 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
3. **Период опфатен со надзорот:** 14 февруари 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 февруари 2023 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 10.01.2023 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр.03-13 од 10.01.2023 година) на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (12.01.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 14 февруари 2023 година, на локално ниво, констатирано е дека <u>радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена</u>, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи:***